*МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје,
www.mrt.com.mk

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-5636/**

# З А П И С Н И К

**Од 194.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 31.08.2022 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова, м-рРисте Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>ДаркоСтефановски-Претседател на Надзорен одбор на МРТ и Емилија Николова Христова-Сектор за финансиско работење МРТ. |

***194.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 11:00 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 193.седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување на Конечниот ревизорски извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на ЈРП МРТ од Државен завод за ревизија.

3. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 193.седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 193.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 193.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 193.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување на Конечниот ревизорски извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на ЈРП МРТ од Државен завод за ревизија.**
Претседателот на Надзорниот одбор Дарко Стефановски даде вовед и пред присутните членови објасни дека Надзорниот одбор на својата 44-та седница одржана на ден 30.08.2022 година, во врска со Конечниот ревизорски извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на ЈРП МРТ од Државен завод заревизија, го донесе следниов Заклучо:
-Надзорниот одбор на МРТ, го разгледа Конечниот ревизорски извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на ЈРП МРТ од Државен завод за ревизија.
-Надзорниот одбор на МРТ го задолжува Директорт на МРТ за следната седница на Надзорнот одбор да достави акциски план со коментар и рокови за постапување по забелешките и насоките дадени во Извештајот на Државниот завод за ревизија, како и лицата кои ќе бидат задолжени за постапување по истите.
Потоа свое видување како став на МРТ даде Емилија Николова Христова од Секторот за финансиско работење во МРТ, која меѓудругото објасни дека препораките кои се содржат во ревизорскиот извештај се однесуваат и укажуваат на поразбирливо и попрецизно работење, односно нема поголеи забелешки за кои би требало да има загриженост, и во продложение даде неколку примери од препораките и забелешките на ревизорите.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац со коментар по однос на страна 27 точка 6 од ревизорскиот извештај, каде се вели нагласување на прашањето за неизвесност и континуитет, се направени неколку грешки во делот за членовите на Програмскиот совет на МРТ дека немаат мандат и дек не е распишан конкурс за избор на нови членови.Ова е прва грешка бидејќи се распишани два јавни повици за избор и именување на нови членови на Програмскиот совет.Второ има забелешка дека со истечен мандат Програмскиот совет на МРТ избрал нови членови на Надзорниот одбор на МРТ и плус не распишал Конкурс за нов Директор на МРТ, што е повторно грешка бидејќи точно е прецизирано во Законот за ААВМУ кога и како истекува мандатот на членовите на Програмскиот совет на МРТ.Ова укажува на тоа дека ревизорите се користеле со стариот Закон за аудио и адуиовизуелни медиумски услуги и затоа има вакви површни заклучоци.
Од Одделението за стручна и техничка поддршка на Програмскиот совет и Надзониот одбор на МРТ беше укажано дека по однос на препораките од Ревизорскиот извештај кои се однесуваат на советот е одговорено согласно законските прописи за тоа и во законските рокови.
Снежана Клинчарова потсети дека овој извештај оди и во Парламентот на РМ на пленарна седница, така да ќе биде разгледан и од пратениците во Собранието.

**ТОЧКА3:Разно.**
По оваа точка беше разговарано за Заклучоците усвоени од Програмскиот совет на МРТ, а по кои сеуште нема добиено одговор од служби́те во МРТ, и беше побарано повторно да се известат надлежните за истото.

По однос на оваа точка членот Снежана Клинчарова го предложи следниов Заклучок:
●Програмскиот совет на МРТ го задолжува Главниот и одговорен уредник на Првиот програмски сервис во МТВ да достави Информација во врска со филмот за Кочо Рацин-„Црвениот поет“, кој бил понуден за емитување, а МРТ го одбила.

-Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 12:10 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател